# НОВО СРЦЕ

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 154. Дата: 10. 12. 2012

## Десет заблуди за христијанството

### Заблуда бр.5: *„На христијаните не им е дозволено да уживаат во животот!?“*




Во филмот „Името на розата“ (според истоимената книга на Умберто Еко), популарниот Шон Конери ја игра улогата на монах од XIV век, кој истражува мистериозна смрт во еден манастир. Во текот на истрагата умираат и други луѓе.

На крај се открива дека сите умираат додека читале книга која обработува комедија (и поттикнува на смеење). Книгата намерно била премачкана со отров, па секој што ја читал и прелиствувал книгата, бил отруен од сопствените прсти. На тој начин читателот ја добивал „заслужената“ казна, бидејќи црквата во тоа време верувала дека е грев за христијаните да се смеат, да се забавуваат и да уживаат во животот.

Ваквата идеја, долги векови била присутна во црковната уметност. Токму затоа и на иконите, светците се насликани со сериозни, мрачни и „испиени“ лица. Нема да најдете ниту една икона со насмеан и весел светец.

Поради тоа и денес преовладува погрешно мислење, дека еден посветен христијанин (посебно Божји слуга), мора да има сериозен израз на лицето и не смее да биде весел и да се забавува.

Вистината е дека и христијаните имаат право да уживаат, да се радуваат и да се смеат.
И Божјиот слуга може да употребува хумор, да гледа телевизија, да спортува, да оди на кино или театар, да слуша музика... па дури и да ужива во водењето љубов со својата сопруга.

Сепак, во сето тоа, христијаните треба да го изберат она што е умерено, морално и пристојно. Ниту еден христијанин не би смеел да ужива во порнографија, или во безобразни вицеви, во пијанчење и разузданост, во непристојни игри и неморални забави...

За христијаните важи библиското правило: *„Сѐ ми е дозволено, но не е сѐ полезно. Сѐ ми е дозволено, но не сакам нешто да завладее над мене“*. (1 Коринтјани 6:12)

### Заблуда бр.6: *„Христијанството е застарено и не е релевантно на 21-ви век!?“*



Познатиот христијански проповедник-Били Грејм (Billy Graham), во својата книга „Мир со Бог“ пишува дека светот напреднал во многу работи, но и понатаму остануваат основните проблеми на човештвото; гревот, неморалот, сиромаштијата, себичноста, осаменоста, зависноста од пороци... На сите овие работи не може позитивно да одговори ни модерната медицина и наука од 21-век.

Денес, како никогаш порано, расте бројот на самоубиства, разводи, проституција, криминал, абортуси, млади деликвенти, зависници од дрога, алкохоличари,...

Од друга страна, христијанството храбро и успешно ги прифаќа предизвиците и проблемите на 21-век, затоа што нејзиниот основач е самиот Христос. Постојат безброј сведоштва на луѓе кои во Него нашле избавување од нивните проблеми. Наркоманите се ослободени од нивната зависност; раскараните сопружници се помируваат; бремената, млада мајка наоѓа љубов за своето неродено бебе; неморалната жена (или маж) го напушта гревот; депримираниот повторно добива волја за живот... и сите овие промени се случиле кога овие луѓе во молитва извикале кон Господ Исус и одлучиле својот живот да му го посветат Нему.

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com